**20160691980**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 26 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРИГОВОРОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместокот на комисијата за разгледување на приговорот на кандидати за возачи до испитниот центар.

Член 2

На претседателот и членовите на комисијата за разгледување на приговорот од членот 1 од овој правилник, им се исплаќа паричен надоместок кој е на товар на испитниот центар.

Паричниот надоместок од став 1 на овој член се определува во висина од 1.500,00 денари за секој разгледан приговор одделно.

Испитниот центар го префрла износот на парични средства за надоместокот од став 1 на овој член на претседателот и членовите на комсијата за тековниот месец, распределен во еднакви износи.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-20742/1
31 март 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.